# Корпоративно управување во друштвата за осигурување во Република Македонија

## - НАСОКИ -

Скопје, октомври **2014 година**

# СОДРЖИНА

ПОИМНИК ....................................................................................................3
ВОВЕД ....................................................................................................4
СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ ....................................................................................................6
НАДЗОРЕН ОРГАН ....................................................................................................8
ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ ....................................................................................................10
КОМИСИИ И ПОЛИТИКА ЗА НАГРАДУВАЊЕ ....................................................................................................12
ВНАТРЕШЕН ПРАВЕН СОВЕТНИК (СЕКРЕТАР НА ДРУШТВОТО) ....................................................................................................14
РАКОВОДНИ ЛИЦА ....................................................................................................15
КОНТРОЛНА СРЕДИНА ....................................................................................................16
- ФУНКЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ ....................................................................................................17
- ФУНКЦИЈА ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ СО ПРОПИСИТЕ ....................................................................................................18
- АКТУАРСКА ФУНКЦИЈА ....................................................................................................19
- ФУНКЦИЈА НА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ....................................................................................................21

ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ ....................................................................................................23

*Автори:*
Билјана Јаневска - Неделковска
Весна Паункоска - Додевска
Самир Латиф
Кирил Нејков
Перица Врбоски

*Уредник:*
Самир Латиф

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

005.742:368.03(497.7)

КОРПОРАТИВНО управување во друштвата за осигурување во Република
Македонија : насоки / [автори Билјана Јаневска - Неделковска ... и
др.]. - Скопје : International finance corporation, 2014. - 25 стр.
; 23 см

Фусноти кон текстот. - Поимник: стр. 3.

ISBN 978-9989-2925-5-2
1. Јаневска - Неделковска, Билјана [автор]
а) Корпоративно управување - Менаџмент - Осигурителни друштва -
Македонија
COBISS.MK-ID 97260298

## Изјава за иземање од одговорност

Насоките за корпоративно управување во друштвата за осигурување во Република Македонија (Насоки) се подготвени со поддршка на Меѓународната Финансиска Корпорација, членка на Групацијата на Светската банка, и се дистрибуира со забелешка дека ниту авторите, ниту организациите, ниту државите кои тие ги претставуваат, ниту издавачите не се занимаваат со обезбедување на правни совети. Овие Насоки се изготвени во добра намера, како генерални насоки, и не може да се прифати одговорност за било каква загуба или трошок што настанале како резултат или во врска со било која информација содржана во нив.

Оваа публикација нема за цел да биде сеопфатна. И покрај тоа што Насоките се изготвени на најгрижлив начин, на нив не треба да се гледа како на основа за формулирање на деловни одлуки. За носење на одлуки во сферата на финансиите, треба да се побара совет од сметководители, ревизори или други финансиски стручњаци. Во врска со носење одлуки во доменот на правото, совет треба да биде побаран од правници. Посочувањето на законите и регулативите во овој прирачник е во согласност со состојбата на правната регулатива во октомври 2014 година.

Сите поими кои во прирачникот се спомнуваат во машки род, се однесуваат на двата пола, доколку во текстот не е поинаку назначено.

Сите ставови во оваа публикација се ставови на авторите и истите не ги одразуваат нужно и ставовите на Групацијата на Светската Банка, Меѓународната Финансиска Корпорација, Владата на Швајцарија, Агенцијата за супервизија на осигурување и/или Институтот на директори - Македонија.

Насоките им се дистрибуираат на нивните корисници со предупредување дека без претходна согласност на Меѓународната Финансиска Корпорација, Амбасадата на Швајцарија, Агенцијата за супервизија на осигурувањето и Институтот на директори – Македонија, тој не смее да биде ставен во промет на комерцијална основа на било кој начин (по пат на изнајмување, препродавање, позајмување и сл.).

# ПОИМНИК

Одделните изрази употребени во овој документ го имаат следното значење:

**Гласање на Собранието и без физичко присуство** е законска можност акционерот да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на Собранието на акционери што ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име

**Друштво за осигурување** е друштво дефинирано во согласност со Законот за супервизија на осигурување

**Заинтересирани страни** или во колоквијалната комуникација познати како стејкхолдери (stakeholders), или „засегнати лица", збор одомаќен кај нас, и тоа се сите оние што влијаат на работењето на друштвото за осигурување, или се под влијание од работењето на друштвото за осигурување (акционерите, осигурениците, вработените, добавувачите, клиените, локалната заедница и др.)

**ИАИС (International Association of Insurance Supervisors)** е Меѓународна асоцијација на осигурителни супервизори

**ИФЦ (International Finance Corporation)** е Меѓународна финансиска корпорација, членка на групацијата на Светската банка

**Компанија**, во текстот се сретнуваат и термините „друштво за осигурување", „акционерско друштво", а истите претставуваат синоним на зборот „компанија"

**Комисии** се помошни тела што може да ги формира Одборот на директори, односно Надзорниот одбор заради поцелисходно извршување на своите обврски и должности

**Надзорен орган** е Надзорниот одбор кај друштвата за осигурување со двостепен систем на управување, односно неизвршните членови во Одборот на директори кај друштвата за осигурување со едностепен систем на управување

**ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development)** е меѓународна Организација за економска соработка и развој

**Орган на управување** е Управниот одбор кај друштвата за осигурување со двостепен систем на управување, односно извршните членови во Одборот на директори кај друштвата за осигурување со едностепен систем на управување

**Раководни лица** се лицата назначени од страна на Органот на управување како лица со посебни овластувања и одговорности, кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото за осигурување во согласност со одлуките, насоките и налозите на Органот на управување

**Функција** е лице или организациска единица соодветно интегрирана во системот на организација на друштвото за осигурување и има адекватни овластувања и ресурси за ефективно спроведување на нејзините цели и задачи

# ВОВЕД

Корпоративното управување, кое подразбира систем според кој се управуваат и контролираат компаниите[1] или, пак, се занимава со начините што на инвеститорите во компаниите би им обезбедиле враќање на нивните инвестиции"[2], е феномен што во последните неколку децении е предмет на особен интерес.

Воведувањето на корпоративно управување не значи ништо друго, туку стандардизација на процесите, процедурите и однесувањето во компаниите, која се заснова врз принципите на одговорност, транспарентност и контрола во одлучувањето, секојдневното работење и известувањето за состојбите во компанијата. Како и кај секоја друга стандардизација, нејзина цел е намалување на неизвесноста и ризикот од стапување во релации со компанијата, а во овој случај особено е важна целта за зголемување на довербата во компанијата. Прифаќањето на ваков стандардизиран пристап кон управувањето и водењето на бизнисот им носи на компаниите посебен вид додадена вредност – вредност произлезена од работење во етички рамки. Во компаниите со добро корпоративно управување одлуките не се носат само со цел да се оствари економскиот интерес во тесна смисла на значењето на овој концепт, туку и со цел таквите одлуки да не ги повредат интересите на останатите заинтересирани страни.

Проблематиката на корпоративно управување во друштвата во Република Македонија во основа се актуализираше во последната деценија на минатиот век. Главна причина за тоа е фактот што со приврштувањето на процесот на приватизација на општествените и, во еден дел, на државните претпријатија, се потенцираа предизвиците за целисходно уредување на односите што се воспоставуваат во самите друштва, но и односите меѓу друштвата и пошироката заедница. Со овој вид предизвици се соочиле сите пазарни економии, вклучувајќи ги оние со најдолга традиција. Се работи за односи поврзани со сопственоста врз капиталот, со донесувањето на одлуки за тоа како ќе се управува со тој капитал, начинот на кој ќе се делегираат овластувањата за донесување одлуки, како ќе се извршуваат одлуките и како ќе се обезбедува контрола врз нивното спроведување. Друга причина за актуализирање на корпоративното управување во Македонија е отворањето на македонската економија кон светските пазари и, со тоа, нејзиното приклучување кон процесите на глобализација. Глобализацијата, т.е. слободното движење на капиталот, парите, трудот и технологиите од земја во земја, врши силен притисок за примена на општоприфатените принципи и начини на однесување во многу области, вклучително и во областа на корпоративното однесување. Во таа смисла, корпоративното управување засновано на глобални стандарди можеме да го сфатиме како воведување на модел на однесување на компаниите што ќе биде разбирлив за секој учесник на глобалниот пазар, без оглед од каде тој потекнува.

Овие Насоки се изработени со цел пред друштвата за осигурување да се истакне важноста на корпоративното управување и да им се помогне да ја зголемат својата конкурентност преку воведување на добри практики од корпоративното управување. Начинот на кој се презентирани различните подрачја во Насоките овозможуваат да се користат како алатка за примена на најдобрите светски

1 "The Report of the Committee on Financial Aspects of Corporate Governance" i.e. Cadbury Report, December 1992

2 … CG deals with the ways in which suppliers of finance to corporations assure themselves of getting return on their investment … (Shleifer and Vishny, 1997)

практики на корпоративното управување од страна на друштвата за осигурување. За неговата изработка беа користени материјалите од ИФЦ, Клучните меѓународни принципи за корпоративно управување за друштвата за осигурување на ИАИС, ОЕЦД-принципите за корпоративно управување, како и искуствата од земјите од регионот и западноевропските земји, прилагодени и комплементарни со македонските закони и практика. Во овие Насоки објаснети се неколку главни подрачја, каде што се претставени соодветните најдобри практики од корпоративното управување, кои допрва би требало да бидат прифатени од страна на друштвата за осигурување што имаат намера да го зајакнат своето корпоративно управување. На одговорните лица во друштвата за осигурување овие Насоки треба да им овозможат релативно едноставни проверки дали примената на концептот на корпоративно управување се врши според примерот на најдобрите практики, односно во согласност со постојната законска рамка и останатите прописи и во согласност со меѓународните стандарди. Се препорачува друштвото за осигурување во својот Годишен извештај за работа во посебна глава да ја прикаже усогласеноста со овие Насоки, по принципот „примени или појасни зошто не си применил". Оваа глава би требало да содржи информации за тоа како друштвото за осигурување ги применило најдобрите практики на Насоките за воведување на добри практики од корпоративното управување, на начин што ќе им овозможи на акционерите да дадат оценка за тоа дали и како овие Насоки се применети. Исто така, оваа глава треба да содржи објаснување за тоа дали ги има применето и секоја од одредбите на Насоките, и во врска со одредбите што не се применети да даде појаснување за периодот во кој не ги применува одредбите и за причините поради кои не ги применува.

Се препорачува добрите практики на корпоративното управување да бидат интегриран дел од деловната стратегија на друштвото за осигурување и спроведувањето на овие Насоки да не се гледа како обврска за усогласување што е одвоена од долгорочната деловна стратегија на друштвото.

На останатите корисници, во зависност од нивните интереси и потреби, овие Насоки треба да им помогнат да оценат на кое ниво се наоѓа корпоративното управување во друштвата за осигурување во Македонија и/или да предложат решенија за негово унапредување.

Имплементацијата на овие Насоки постојано ќе се разгледува и преиспитува во наредниот период и истите би претрпеле измени со цел да се прилагодат кон потребите на друштвата за осигурување.

# СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Собранието на акционери (Собрание) на друштвото за осигурување претставува орган во кој учествуваат сите акционери заради остварување на нивните права во друштвото. Преку Собранието акционерите одлучуваат за најзначајните прашања од работењето на друштвото. Покрај тоа, Собранието им овозможува на акционерите најмалку еднаш годишно да се состанат и да дискутираат за наведените и за други прашања на дневен ред на Собранието, непосредно да им поставуваат прашања на членовите на Органот на управување, односно Надзорниот орган, како и на раководните лица и да одлучуваат за стратешките правци во кои друштвото ќе се движи во иднина. Според тоа, акционерите ги остваруваат своите права на управување и одлучување преку Собранието.

Собранието им овозможува на акционерите право на активно учество во него, врз основа на навремено доставените документи и материјали потребни за донесување на разумна и соодветна одлука. Воедно, водењето на седницата на Собранието се препорачува да биде со однапред јасно дефиниран дневен ред, со поттикнување на конструктивна дискусија и фер, чесен и транспарентен процес на гласање по однос на точките од дневниот ред.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Известувањето за одржување на Собранието и дневниот ред на Собранието се објавуваат на интернет-страницата на друштвото за осигурување и најмалку во еден од трите најтиражни дневни весници. Записникот од претходната седница на Собранието се објавува на интернет-страницата на друштвото за осигурување;
- Сите акционери навремено ги добиваат сите релевантни информации за одржувањето на Собранието. Материјалите и документите во однос на точките од дневниот ред на Собранието се објавуваат на интернет-страницата на друштвото или се на друг начин достапни за акционерите, најмалку 21 ден пред одржувањето на седницата;
- Сите акционери што поседуваат акции од ист род и класа имаат еднаков третман;
- Правните лица акционери во друштвото за осигурување ја објавуваат својата политика за корпоративно управување, доколку имаат таква;
- На Собранието се разгледува деловната стратегија на среден и долг рок, како и ризиците поврзани со остварувањето на оваа стратегија;
- Годишниот извештај за работа на друштвото за осигурување содржи информации за правата на акционерите што произлегуваат од родовите и класите на акции издадени од друштвото за осигурување;
- Собранието се одржува на место што им е достапно на сите акционери. Друштвото за осигурување се поттикнува да им овозможи на акционерите учество и гласање на Собранието и без физичко присуство, како и преку користење на електронски средства за комуникација;

- Точките на дневниот ред на Собранието се јасно дефинирани, прецизно формулирани и не се остава простор за различни толкувања;
- Собранието се води на начин со кој акционерите се поттикнуваат конструктивно да учествуваат во расправата, при што се обезбедува разумно време за поставување прашања упатени до Органот на управување и Надзорниот орган, како и до надворешниот овластен ревизор;
- Друштвото за осигурување донесува Деловник за работа на Собранието.

## НАДЗОРЕН ОРГАН

Надзорниот орган ја дефинира мисијата и целите на друштвото за осигурување, се грижи за заштитата на акционерите, врши контрола и надзор над работата на Органот на управување на друштвото и раководните лица во друштвото. Улогата на членовите на Надзорниот орган е пред сé да насочуваат, односно да ги дефинираат стратешките насоки, а не да раководат со друштвото за осигурување.

Се поттикнуваат членовите на Надзорниот орган во своето работење да воспостават механизам за самооценување и оценување на нивното работење. Членовите на Надзорниот орган треба да дејствуваат во најдобар интерес на друштвото, акционерите и осигурениците и другите заинтересирани страни.

Професионални, независни и ефективни членови на Надзорниот орган се од суштинско значење за доброто корпоративно управување на друштвото за осигурување.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Надзорниот орган ја поставува насоката на работењето на друштвото за осигурување и го следи исполнувањето на стратешките цели и управувањето на друштвото за осигурување;
- Надзорниот орган јасно го дефинира системот на корпоративно управување во друштвото за осигурување и врши надзор над внатрешната организациска структура со цел да обезбеди постоење на јасни граници на отчетност и одговорност, како и соодветен надзор и транспарентност;
- Надзорниот орган врши надзор над спроведувањето на поважните донесени одлуки од страна на Органот на управување;
- Членовите на Надзорниот орган треба да ги разберат своите обврски, должности и одговорности и да посветат доволно време и внимание во нивното остварување;
- Членовите на Надзорниот орган се ослободени од какви било влијанија што можат да го ограничат нивното работење во согласност со клучните должности и да обезбедат објективен надзор;
- Надзорниот орган врши увид и ја проверува финансиската состојба на друштвото за осигурување, изложеноста на ризици и солвентноста на друштвото за осигурување, и врши оценка на адекватноста на постапките и ефикасноста на работењето на внатрешната ревизија;
- Надзорниот орган врши оценка на адекватноста на постапките и ефикасноста на работењето на внатрешната ревизија;
- Надзорниот орган ги ревидира и ги одобрува финансиските планови и извештаи и се уверува дека тие се подготвени во согласност со прифатените финансиски и сметководствени стандарди и дека реално ја прикажуваат финансиската состојба на друштвото за осигурување;
- Надзорниот орган своите одлуки ги донесува врз основа на целосни и навремени информации, во добра верба, со должно внимание и грижа;

- Надзорниот орган проактивно бара информации и појаснување, кога е тоа потребно, од членовите на Органот на управување и раководните лица на друштвото за осигурување;
- Членовите на Надзорниот орган имаат пристап до точни, релевантни и навремени информации преку одговорните лица во друштвото за осигурување (како, на пример, раководните лица). За оваа цел, друштвото за осигурување воспоставува интегриран систем на известување;
- Бројот на членовите и составот во Надзорниот орган е соодветен на потребите на друштвото за осигурување;
- Составот на Надзорниот орган обезбедува соработка помеѓу членовите на доверлива, професионална и колегијална основа. Колегијалноста и професионализмот не треба да претставуваат пречка за членовите на Органот да имаат независно и отворено мислење и ставови;
- Надзорниот орган има доволен број независни членови со цел да се обезбеди процес на објективно и непристрасно донесување одлуки;
- Друштвото за осигурување на транспарентен начин пропишува критериуми за независноста на членовите на Надзорниот орган, кои како минимум треба да ги содржат законските одредби што се однесуваат на независноста на членовите на Надзорниот орган. Со цел да се обезбеди поголема независност во донесувањето на одлуките, независните членови на Надзорниот орган не треба бидат лица поврзани со друштвото за осигурување, во смисла, со одредбите од Законот за супервизија на осигурување;
- Надзорниот орган се придржува до високите етички стандарди и до деловното однесување и обезбедува тие стандарди да се применуваат од сите вработени во друштвото за осигурување;
- Членовите на Надзорниот орган избегнуваат дејства или влијанија што претставуваат или може да бидат перципирани како судир на интереси и што би ги спречило во извршувањето на нивните должности;
- Работата на Надзорниот орган се оценува најмалку еднаш годишно и се идентификуваат ризиците и слабостите во своето работење, со дефинирање на можностите за подобрување. Надзорниот орган го спроведува овој процес преку оценување/самооценување на членовите, како на нивната поединечна, така и на нивната заедничка работа;
- Низ процесот на оценување и самооценување Надзорниот орган спроведува активности за надминување на утврдените недостатоци во знаењето и вештините на членовите на Надзорниот орган, вклучително и препораки за дополнителна едукација, доколку е тоа потребно.

## ОРГАН НА УПРАВУВАЊЕ

Органот на управување има најшироки овластувања во управувањето, односно во вршењето на сите работи поврзани со водењето на работите и на тековните активности на друштвото за осигурување и дејствувањето во сите околности во име на друштвото за осигурување во рамките на предметот на работењето на друштвото за осигурување, со исклучок на овластувањата што директно му се дадени на Собранието и на Надзорниот орган.

Органот на управување треба да има соодветен број членови и тој да биде составен од лица со различни професионални искуства и квалификации, заради посоодветно водење и управување со друштвото за осигурување. Членовите на Органот на управување се одговорни за формулирање и спроведување на стратегијата и за остварување на резултатите на друштвото за осигурување и треба да дејствуваат во најдобар интерес на друштвото за осигурување, да создавааат трајна и долгорочна вредност за акционерите, осигурениците и сите други заинтересирани страни.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Органот на управување е одговорен за формулирање и спроведување на стратегијата и остварување на планот за работа на друштвото за осигурување и за водење на целокупното управување на друштвото за осигурување, кое го вршат во корелација со раководните лица на друштвото за осигурување;
- Органот на управување воспоставува ефективен систем на управување со човечки ресурси, вклучувајќи процедури за вработување, обука и унапредување на вработените;
- Членовите на Органот на управување се одговорни пред Надзорниот орган и акционерите за нивната работа, водењето, управувањето и резултатите на друштвото за осигурување;
- Органот на управување воспоставува интегриран систем за информирање и известување и го следи постигнувањето на целите, стратегиите, политиките и плановите утврдени од друштвото за осигурување;
- Органот на управување своите одлуки ги донесува врз основа на целосни информации, во добра верба, со големо внимание и грижа и се раководи од интересите на друштвото, акционерите, осигурениците и сите заинтересирани (засегнати) страни;
- Органот на управување редовно, а најмалку на квартална основа, ги известува членовите на Надзорниот орган со цел да им обезбеди точни, релевантни и навремени информации на јасен и разбирлив начин, а заради нивно исполнување на обврските и извршување на должностите;
- Членовите на Органот на управување веднаш ги информираат членовите на Надзорниот орган, а особено за работи и прашања што сметаат дека треба да бидат разгледани, одлучени или одобрени од страна на Надзорниот орган;
- Органот на управување во секое време има соодветен број членови и е составен од лица со различни професионални искуства и квалификации

со цел да се обезбеди соодветно ниво на знаење, вештини и експертиза на ниво на Органот, пропорционален со управувачката структура и природата, обемот и сложеноста на работењето на друштвото;

- Составот на Органот на управување обезбедува разновидност и колегијалност со цел да биде ефективен. Разновидноста на Органот треба да биде широко дефинирана, вклучувајќи го искуството на членовите и други критериуми, како што се: полот, возраста, образованието и сл.;
- Членовите на Органот на управување поседуваат чесност, компетентност, способност за независна оценка и силен личен интегритет.

## КОМИСИИ И ПОЛИТИКА ЗА НАГРАДУВАЊЕ

Со цел навремено и квалитетно да се исполнат обврските од страна на членовите на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор на друштвото за осигурување, тие може да формираат комисии како нивни помошни тела. Преку комисиите се зголемува и зацврстува ефикасноста, ефективноста и квалитетот на работата на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, особено во донесувањето на одлуките, а со тоа се подобрува надзорот и управувањето со друштвото за осигурување.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Комисиите се составени од членови на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, и во случај кога има потреба за тоа, и од други лица;
- Комисиите редовно го известуваат Одборот на директори, односно Надзорниот одбор за прашања од делокругот на нивното работење и даваат препораки за унапредување на работењето на друштвото за осигурување. Крајната одговорност за прашањата што им се делегирани на комисиите останува на Одборот на директори, односно на Надзорниот одбор;
- Во Годишниот извештај за работењето на друштвото за осигурување се наведува постоењето на овие комисии, нивниот состав и активностите, бројот на одржани состаноци, прашањата расправани на состаноците и надоместоците за членовите на комисиите;
- Комисијата за ревизија обезбедува надзор и контрола врз интегритетот на финансиското известување, внатрешните контроли, ефективноста на внатрешната ревизија и препораките во изборот на друштво за ревизија;
- Комисијата за ревизија има најмалку еден независен член и најмалку еден член на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, кој има искуство од сметководственото или финансиското управување. Комисијата за ревизија се состанува најмалку еднаш квартално;
- Комисијата за номинирање и избор има најмалку еден независен член на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, и е одговорна за номинирањето на кандидати за членови на органите на друштвото за осигурување и за нивниот избор;
- Комисијата за надомест/наградување има најмалку еден независен член на Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, и е одговорна за дефинирање на политиката за надомест/наградување;
- Политиката за надомест/наградување особено се однесува на членовите на Органот на управување и раководните лица со која на фер и одговорен начин се дефинира наградувањето за нивните индивидуални придонеси кон успехот во работењето на друштвото за осигурување;
- Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, донесува и ја следи примената на Политиката за надомест/наградување, која е претходно дефинирана од Комисијата за надомест/наградување, а дополнително одобрена од Собранието на акционери;

- Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, може да формира и комисии за етика, усогласеност со прописите, управување со ризици, зделки со заинтересирани страни и др.;
- Покрај самооценката на работатата на комисиите, Одборот на директори, односно Надзорниот одбор, врши оценка на работењето на комисиите најмалку еднаш годишно.

## ВНАТРЕШЕН ПРАВЕН СОВЕТНИК (СЕКРЕТАР НА ДРУШТВОТО)

Со цел да се одржи и да се унапреди добриот систем на корпоративно управување во друштвото за осигурување, Органот на управување на друштвото за осигурување назначува раководно лице – внатрешен правен советник, кое ќе биде задолжено за обезбедување на правилна примена на законските прописи од страна на Надзорниот орган и Органот на управување на друштвото и исполнување на обврските од страна на членовите на органите во друштвото, во согласност со законите, статутот и другите акти на друштвото за осигурување.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Внатрешниот правен советник, како раководно лице, се грижи за усогласеноста на работењето на Одборот на директори, односно на Управниот и на Надзорниот одбор со прописите;
- Внатрешниот правен советник му помага на претседателот на Одборот на директори, односно Управниот или Надзорниот одбор, во организирањето на состаноците (дневен ред, информирање, материјали, оценување, програма за обуки на членовите на Одборот на директори, односно Управниот и Надзорниот одбор, следење на имплементацијата на одлуките на Одборот на директори, односно Управниот и Надзорниот одбор и слично);
- Внатрешниот правен советник е одговорен и за односите со акционерите, како и за односите помеѓу акционерите и членовите на Одборот на директори, односно Управниот и Надзорниот одбор и раководните лица;
- Обврските и должностите на внатрешниот правен советник се уредени со Деловникот за работа на Одборот на директори, односно Управниот и Надзорниот одбор.

# РАКОВОДНИ ЛИЦА

Заради поефикасно извршување на своите овластувања Органот на управување на друштвото за осигурување може да назначи раководни лица, кои имаат задача да учествуваат во секојдневното водење на работите на друштвото за осигурување во согласност со стратегијата, политиките и процедурите на друштвото. Раководните лица се поставуваат и специјализираат во различни домени од работењето на друштвото за осигурување, така што се овозможува и носење на поинформирани, побрзи и поквалитетни одлуки на сите нивоа.

Раководните лица своето работење го вршат во согласност со одлуките, насоките и налозите на Органот на управување, а извршуваат задачи особено во процесите на планирање, организирање, раководење и контролирање на друштвото.

За вршење на овие функции се назначуваат лица што имаат соодветни знаења, искуство и вештини потребни за успешно изведување на задачите.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Во друштвото за осигурување соодветно се поделени обврските и должностите помеѓу Надзорниот орган, Органот на управување и раководните лица;
- Раководните лица се носители на секојдневните активности на друштвото за осигурување во согласност со стратегијата, политиките и процедурите на друштвото;
- Органот на управување обезбедува соодветен надзор над работењето на раководните лица во Друштвото за осигурување. Соодветниот надзор вклучува дали раководните лица ја следат стратегијата, политиките и целите усвоени од Органот на управување, односно Надзорниот орган на друштвото за осигурување, како и следење на ризиците на друштвото за осигурување;
- Раководните лица имаат обврска навремено да ги доставуваат сите информации потребни за правилно и навремено донесување на одлуки од страна на Органот на управување, односно Надзорниот орган, поврзани со работењето на друштвото за осигурување;
- Раководните лица проактивно ги имплементираат системите за управување со ризиците, усогласеност и еднаков третман на осигурениците (клиентите);
- Органот на управување усвојува соодветни политики и процедури што се однесуваат на вработување и откажување на договорите за вработување на раководните лица;
- Органот на управување има редовни состаноци со раководните лица на кои се дискутираат и ревидираат донесените одлуки;
- Најмалку еднаш годишно се оценува работата на раководните лица од страна на Органот на управување.

## КОНТРОЛНА СРЕДИНА

Во рамки на генералната рамка за корпоративно управување како и во насока на сигурно и стабилно работење на друштвото за осигурување, Надзорниот орган на друштвото е одговорен за воспоставување и имплементација на ефективен систем и функции што се однесуваат на клучните ризици во работењето на друштвото и значајните правни и регулаторни обврски што друштвото треба во континуитет да ги исполнува. Истовремено, Надзорниот орган е одговорен дали Органот на управување и раководните лица во друштвото за осигурување ги спроведуваат овие системи и функции соодветно и дали во друштвото за осигурување се обезбедени потребните ресурси што ќе овозможат поддршка на овие системи и функции.

Системите и функциите се соодветни во однос на природата, обемот и сложеноста на работењето и ризиците што ги презема друштвото за осигурување и тие треба соодветно во континуитет да се адаптираат на внатрешните и надворешните промени со кои се соочува друштвото.

Карактерот на системите и функциите на друштвото за осигурување зависи од многу фактори, кои, пред сѐ, го вклучуваат профилот на ризик и применливите правни и регулаторни барања. Системите вклучуваат:

- стратегии што го дефинираат пристапот на друштвото за осигурување во справувањето со одредени ризици и правни и регулаторни барања;
- политики што ги дефинираат процедурите и останатите барања што членовите на Надзорниот орган, членовите на Органот на управување, раководните лица и вработените во друштвото за осигурување треба да ги спроведуваат;
- процеси за имплементација на стратегиите и политиките на друштвото за осигурување;
- контроли и контролни постапки што обезбедуваат дека стратегиите, политиките и процедурите се воспоставени, се применуваат и ги остваруваат целите поради кои се воспоставени.

## Функција за управување со ризици

Друштвото за осигурување воспоставува ефективна функција за управување со ризици, која ќе овозможи навремена идентификација, оценка, следење, управување и известување за сите разумно предвидливи значајни ризици со кои се соочува друштвото за осигурување.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Функцијата за управување со ризици е соодветно интегрирана во системот на организација на друштвото за осигурување и има адекватни овластувања и ресурси за ефективно спроведување на нејзините цели и задачи. Ваквата функција е раководена од посебно овластено лице – раководно лице за ризици;
- Лицето овластено за раководење со функцијата за управување со ризици редовно го известува Органот на управување и Надзорниот орган на друштвото за осигурување за какви било околности што имаат значајно влијание врз системот за управување со ризици на друштвото за осигурување;
- Функцијата за управување со ризици генерално ги врши следните активности:
    - му помага на Надзорниот орган и на Органот на управување на друштвото, како и на останатите раководни лица во друштвото за осигурување во вршење на нивните овластувања и задачи, вклучувајќи изготвување анализи и спроведување оценки на ризици;
    - врши идентификација и следење на сите ризици со кои се соочува или може да се соочи друштвото за осигурување;
    - врши оценка и следење, изработува алатки за управување со ризиците, помага во управување со ризиците и на друг начин врши ефективно управување со ризиците, вклучувајќи оценка на капацитетот на друштвото за осигурување за преземање на ризици во зависност од природата, веројатноста, времетраењето, корелацијата и потенцијалниот обем на ризиците;
    - врши оценка на надворешните и внатрешните фактори со цел навремена идентификација на сите потенцијални ризици;
    - врши редовни стрес-тестови и сценарио-анализи;
    - врши редовно известување до Надзорниот орган, до Органот на управување и раководните лица за профилот на ризик на друштвото за осигурување, доставува податоци за изложеноста на ризик, како и за соодветните мерки за управување со ризиците;
    - ги документира и известува за сите значајни промени што имаат влијание врз системот за управување со ризици на друштвото за осигурување.

## Функција за усогласување со прописите

Друштвото за осигурување воспоставува ефективна функција за усогласување со прописите, која овозможува друштвото за осигурување навремено да ги исполнува сите правни и регулаторни барања и која ќе ја поттикне корпоративната култура за усогласеност и интегритет на друштвото.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Надзорниот орган на друштвото за осигурување донесува посебен акт (правилник или сл.) со кој се воспоставува обврска за друштвото за осигурување на редовна континуирана основа да се усогласува со релевантните закони, подзаконски акти, супервизорски мерки и решенија, релевантни стандарди во индустријата, интерни политики и процедури, како и да ја спроведува својата дејност одговорно и етички;
- Функцијата за усогласување со прописите е соодветно интегрирана во системот на организација на друштвото за осигурување и има адекватни овластувања и ресурси за ефективно спроведување на нејзините цели и задачи. Ваквата функција е раководена од посебно овластено лице – раководно лице за усогласување со прописите;
- Функцијата за усогласување со прописите го известува Надзорниот орган и Органот на управување на друштвото за осигурување за:
    - клучните ризици во делот на усогласувањето со регулативата и мерките што се преземаат за нивно управување;
    - начинот на кој одделни организациски единици и делови на друштвото за осигурување ги исполнуваат воспоставените цели и стандарди на функцијата;
    - значајни отстапувања, прекршувања или прашања во делот на усогласувањето со регулативата и прописите и статусот на мерките што се преземаат во насока на нивно усогласување;
    - мерки, санкционирање и останати дисциплински постапки што ги презел регулаторот, односно супервизорот, во однос на друштвото за осигурување или негов вработен;
    - останати прашања во делот на усогласувањето со регулативата и прописите.
- Лицето овластено за раководење со функцијата за усогласување со прописите веднаш го известува Надзорниот орган на друштвото за осигурување во случај на постоење на неусогласеност на член на Органот на управување, односно на друштвото за осигурување со одредена законскаили регулаторна обврска, како и во случај кога лицето смета дека член, односно членови на Органот на управување на друштвото за осигурување не преземаат одредени корективни мерки во насока на усогласување.

## Актуарска функција

Друштвото за осигурување воспоставува ефективна актуарска функција, која обезбедува Совет на друштвото за осигурување за техничките резерви, премијата и усогласување со релевантните статутарни и регулаторни барања.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- ❖ Актуарската функција е соодветно интегрирана во системот на организација на друштвото за осигурување и има адекватни овластувања и ресурси за ефективно спроведување на нејзините цели и задачи. Ваквата функција е раководена од посебно овластено лице– раководно лице за актуарски работи;
- ❖ Надзорниот орган на друштвото за осигурување му обезбедува на супервизорот да има соодветен пристап до сите ресурси на друштвото што ќе му овозможат да изврши соодветна оценка на работењето на актуарската функција;
- ❖ Актуарската функција го известува Надзорниот орган и Органот на управување на друштвото за осигурување за:
    - какви било околности што може да имаат значајно влијание врз работењето на друштвото од актуарска перспектива;
    - адекватноста на техничките резерви и останатите обврски на друштвото за осигурување;
    - адекватноста на пресметаните премии;
    - останати работи определени од страна на Надзорниот орган и Органот на управување на друштвото за осигурување.
- ❖ Актуарската функција изготвува редовни писмени извештаи за извршените актуарски пресметки и оценки и извештаите ги доставува до Надзорниот орган, Органот на управување и раководните лица во друштвото за осигурување, како и до супервизорот, во согласност со регулативата;
- ❖ Актуарската функција му обезбедува совети на друштвото за осигурување за:
    - актуарските и финансиски ризици со кои се соочува друштвото за осигурување;
    - политиките на вложување и вреднување на средствата на друштвото за осигурување;
    - солвентната позиција на друштвото за осигурување, вклучувајќи пресметка на капиталот и маргината на солвентност, техничките резерви, резервите на сигурност и останатите резерви на друштвото;
    - оценка на ризиците и политиките на друштвото за осигурување и соодветните контроли релевантни за финансиската состојба на друштвото;

- политиките за преземање ризици;
- Програмата за реосигурување;
- развојот на производите за осигурување, вклучувајќи ги тарифите и условите за осигурување;
- адекватноста и квалитетот на податоците што се користат во пресметката на техничките резерви и
- останати работи.

## Функција на внатрешна ревизија

Друштвото за осигурување воспоставува ефективна функција на внатрешна ревизија која му обезбедува на Надзорниот орган независно уверување во врска со внатрешните контроли, управувањето со ризиците и корпоративното управување на друштвото.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Функцијата на внатрешна ревизија, како посебна организациска единица, е соодветно интегрирана во системот на организација на друштвото за осигурување и има адекватни овластувања и ресурси за ефективно спроведување на нејзините цели и задачи. Ваквата функција е раководена од посебно овластено лице – раководно лице за внатрешна ревизија;
- Функцијата на внатрешна ревизија во своето работење е целосно независна од Органот на управување на друштвото за осигурување и таа не е вклучена во спроведувањето на дејноста на друштвото за осигурување. Лицата што вршат работи на внатрешна ревизија не треба истовремено да вршат други работни обврски што предизвикуваат или би можеле да резултираат со судир на интереси;
- Функцијата на внатрешна ревизија му одговара на Надзорниот орган на друштвото;
- Надзорниот орган, Органот на управување на друштвото и раководните лица во друштвото за осигурување придонесуваат за зголемување на ефикасноста на внатрешната ревизија преку:
    - обезбедување целосна независност во спроведувањето на внатрешната ревизија;
    - обезбедување објективност и неутралност во спроведувањето на внатрешната ревизија преку исклучување на можноста за ангажирање на вработените во единицата за внатрешна ревизија во извршувањето други активности на друштвото за осигурување;
    - обезбедување услови за пристап до сите документи и информации неопходни за извршување на внатрешната ревизија, како и можност за директна комуникација со кој било вработен во друштвото;
    - навремено и ефикасно прифаќање на наодите и спроведување на препораките на внатрешната ревизија;
    - ангажирање на внатрешната ревизија за оценка на ефективноста на системите на интерни контроли во друштвото и системите за управување со ризици на друштвото за осигурување.

- Опфатот на внатрешната ревизија пред сѐ вклучува:
    - контрола и оценка на соодветноста и ефективноста на системите на интерни контроли;
    - увид и оценка на спроведувањето и ефективноста на процедурите и методологиите за управување со ризици;
    - увид и оценка на поставеноста на информативниот систем во Друштвото;
    - увид и оценка на точноста и веродостојноста на трговските книги и финансиските извештаи на друштвото;
    - увид и оценка на системите на друштвото за оценка на капиталните барања, барањата за солвентност и покриеност на техничките резерви;
    - увид и оценка на системите на друштвото што обезбедуваат усогласеност на друштвото со законските барања, како и интерните политики и процедури на друштвото;
    - тестирање на точноста и веродостојноста и навременоста на известувањето во согласност со прописите;
    - извршување на посебни наменски испитувања и оценки.
- Надзорниот орган на друштвото за осигурување дава соодветни овластувања на внатрешната ревизија вклучувајќи овластување за:
    - пристап до сите документи и информации на друштвото што внатрешната ревизија смета дека ѐ се потребни за спроведување на внатрешната ревизија;
    - спроведување ревизија на која било област од работењето на друштвото во согласност со планот за работа на внатрешната ревизија;
    - барање Органот на управување на друштвото да ја извести внатрешната ревизија за мерките преземени по поединечни наоди на внатрешната ревизија, вклучувајќи воспоставување на соодветни планови за отстранување, управување или справување со утврдените неусогласености или незаконитости, или друг вид постапка, доколку е потребно;
    - одбивање какви било задачи дадени од страна на Органот на управување на друштвото што се во спротивност со целите и задачите на внатрешната ревизија утврдени во планот за внатрешна ревизија.

# ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОБЕЛОДЕНУВАЊЕ

Под обелоденување на податоци и информации се подразбира изнесување пред јавноста податоци и информации за компаниите што имаат посебно значење за инвеститорите што се заинтересирани да вложат во нив, како и за другите заинтересирани страни. Тоа се оние податоци и информации за компаниите што на инвеститорите им обезбедуваат сознанија што можат да им помогнат во донесувањето правилни инвестициски одлуки. Ваквите информации компаниите ги објавуваат во своите годишни, полугодишни, тримесечни и тековни извештаи, во проспектите, но и во рамките на други известувања во согласност со позитивните прописи. Обелоденувањето на точни, разбирливи и навремени информации придонесува за создавање, јакнење и одржување на довербата на инвеститорите во компаниите. Располагањето со податоци за тоа во каква состојба се наоѓаат компаниите им овозможува на инвеститорите да извршат информирани проценки на нивните перформанси и да добијат претстава за нивната финансиска состојба. Доброто обелоденување на податоци и информации се темели на неколку принципи, и тоа: редовност и навременост на обелоденувањето, лесна достапност на информациите, точност и целосност на информациите, разбирливост и споредливост на информациите, конзистентност, релевантност и документираност на информациите.

Друштвото за осигурување се поттикнува да ги земе предвид следните **најдобри практики:**

- Во Годишниот извештај за работа на друштвото за осигурување се наведува идентитетот на секој акционер што поседува минимум 5% од основната главнина на друштвото, како и бројот на акции од секој род и класа;

- Друштвото за осигурување ги прави веднаш достапни сите поважни информации на начин разбирлив за сите заинтересирани страни, и тоа особено информациите за нови настани што се поврзани со работењето на друштвото, а кои би можеле да имаат влијание врз цената на акциите или, пак, на друг начин да влијаат врз одлуката на инвеститорот. Овие информации веднаш се доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурувањето и се објавуваат на интернет-страницата на друштвото за осигурување;

- Друштвото за осигурување се грижи за навремено и точно објавување на сите значајни информации што се однесуваат на: а) севкупните цели на друштвото и целите што се очекуваат во наредниот период; б) овластените ревизори; в) материјалните фактори на ризик; г) зделките со заинтересираната страна; д) големите зделки, како и ѓ) измените во основната главнина и во резултатите на друштвото за извештајниот период и е) промена на сопственичката структура во друштвото. Овие информации редовно се објавуваат во Годишниот извештај на друштвото, на интернет-страницата на Агенцијата за супервизија на осигурувањето, како и на интернет-страницата на самото Друштво за осигурување;

- Во Годишниот извештај се наведуваат податоци за членовите на органите на друштвото за осигурување, и тоа: возраст, пол, професија, податоци за индивидуалниот надоместок и други права од договори за работа,

државјанството, датумот на првичното именување, и постојниот мандат, податоци за членување во органи на управување и Надзорниот орган во други правни лица што се релевантни за работењето на секој од членовите на Органот на управување и

- Надзорниот орган;
- Друштвото за осигурување донесува интерен акт со кој се обезбедува редовно, навремено и правилно дистрибуирање на информации до сите акционери како и до поширoката јавност;
- Се препорачува друштвото за осигурување да има уредена политика на односи со заинтересираните страни. Политиката на односите со заинтересираните страни се објавува на интернет-страницата на друштвото за осигурување;
- Годишниот извештај на друштвото за осигурување се објавува на интернет-страницата на друштвото;
- Статутот на друштвото за осигурување, неговите измени и дополнувања се објавуваат на интернет-страницата на друштвото за осигурување.